РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 22.09.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5784/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Пратеници :

1. Никола Мицевски
2. Бобан Карапеjовски
3. Bekim Qoku
4. Бојан Стојаноски

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
по скратена постапка

Скопје, септември 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија се уредуваат правото на плата и другите надоместоци на избраните и именуваните лица, начинот на утврдување на платите, основицата за нивна пресметка и коефициентите за одделните функции.

Заради усогласување со Законот за високи раководители се предлага дополнувањето во членот 16 од постојниот закон со функцијата државен секретар.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон се врши усогласување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија со Законот за високи раководители.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон нема да предизвика дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија. Спроведувањето на Законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ број 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ број 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 51/23, 65/23, 51/24, 272/24, 39/26 и 137/26), во членот 16 по зборовите: „директор на републичка организација,“ се додаваат зборовите: „државен секретар,“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија содржи два члена.

Со членот 1 се дополнува членот 16 со додавање на функцијата државен секретар.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на Законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и претставуваат целина со која се обезбедува изречно законско уредување на коефициентот за утврдување на платата на државниот секретар.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното решение ќе се обезбеди јасна и недвосмислена примена на членот 16 од Законот во однос на државниот секретар.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

**Член 16**

Коефициентот за утврдување на плата на заменик-министер, директор на републичка организација, раководител на Кабинетот на претседателот на Република Македонија, советник на претседателот на Република Македонија, секретар на Кабинетот на претседателот на Република Македонија, републички советник во Собранието, заменик на гувернерот на Народната банка на Република Македонија, заменик на секретарот на Собранието, државен правобранител во Државното правобранителство на Македонија, заменик на народниот правобранител, изнесува до 2,39.